Витомир МИТЕВСКИ

# ПОРАКИТЕ НА АНТИЧКИОТ ХУМАНИЗАМ
## ОСВРТ КОН ИЗВОРНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ХУМАНИЗМОТ

Да се говори за хуманизмот денес може да изгледа депласирано. Тој збор, како и нему сродните, се изговара така често и од сечија уста, што над него веќе демне сериозната опасност да се вброи во речникот на зборови за секоја пригода, без особено значење. Никогаш не се зборувало толку за хуманизмот како во 20. век, а сепак ако сега, на крајот на тој век се свртиме station наназад, би рекле дека него најмалку сме го имале. Заедно со достигањата на техниката, на коишто можеби и премногу сме горди, овој век на замин го носи со себе и товарот на најголемите ужаси што човекот воопшто ги предизвикал низ историјата. Сосема веројатно, поколенијата што ќе дојдат ќе покажуваат на 20. век како на доба на најголемите светски воени судири и невидени грозотии. Техниката ни помага во тоа да бидеме супериорни во однос на нашите претци. Можеби некогаш ова наше време ќе го понесе белегот на варварско доба.

Овие размисли го оправдуваат навраќањето на хуманистичките идеали колку и да изгледа тоа наивно, а можеби и бесполезно. Потребно е да се потсетиме на поимот *хуманизам* на изворот, со надеж дека сеуште не сме дојдени до таму да веруваме дека тој изгубил секакво значење.

Самиот збор *хуманизам* упатува на латинскиот *humanitas* којшто за Римјаните имал главно две значења: прво, човекова природа или нарав и второ, особен квалитет со кој цивилизираниот човек се разликува од животно или од дивјак; *humanitas*, значи, упатува на одредена цивилизација. *Homo humanus* се противставува на *homo barbarus*. *Homo humanus* го означува слободниот граѓанин на Рим кој благодарение на образованието ја одгледува својата вродена доблест (*virtus*).

Од наведеното произлегува дека зборот и поимот „хуманизам" е производ на римскиот дух кој во плодотворна спрега со хеленскиот идеал на образование остварува еден суштествен цивилизациски скок.

Меѓутоа, идејата на хуманизмот, онаква каква што ја знаеме во нејзините историски рамки и каква што дошла до нас, се етаблира

подоцна, започнувајќи со 14. век, неразделно врзана за Ренесансата. Во својата суштина, хуманизмот се јавува како израз на настојувањето да се возобнови античката култура и нејзините идеали. Во секој подобар енциклопедиски речник ќе прочитаме дека хуманизмот е производ на една опчинетост од антиката, на еден култ на сè што е производ на хеленско-римската култура. Наспроти заситеноста од вредностите што ги нуди институционализираното христијанство на Средновековието, хуманистот се свртува кон античките културни обрасци со надеж дека тие ќе му помогнат да го доживее својот духовен препород.

Потпорните точки на тој препород (Ренесанса) добиваат израз во стремежот да се оствари совршена човечка личност во рамките на совршена човечка заедница. Инспириран од Платоновата парадигма на совршена државна заедница, Томас Мор ја изградува познатата Утопија, додека во Византија Плетон ги пишува своите *Закони* во духот на неоплатонизмот, една неопаганска утопија која набргу ќе заврши во огнот како еретичко дело. Наспроти христијанската определба на човековата слобода во границите на официјалното учење на црквата, се брани човековата способност да го обликува сопствениот свет, да го менува и подобрува според своите потреби и убедувања. Симбол на слободен човек за францускиот хуманист Шарл Бује (1475-1553) во неговата книга *De Sapiente* е античкиот херој Прометеј. Поттикнат од основните идеи на Аристотеловата етика, Леонардо Бруни (1370-1444) истакнува дека моралот е човековиот животен простор.

Треба да се одбележи дека овој стремеж кон радикални промени сепак, не подразбира некаква револуција или насилен пресврт. До промена треба да се дојде врз основа на т.н. усовршување на човековата природа, преку сократовската *psyches therapeia* (нега на душата), на организиран начин, во рамките на идеалот на античкото образование (*paideia*). Во своето дело *De pueris instituendis* (1592), Еразмо Ротердамски истакнува дека „специфична средина“ на човекот е светот на културата, а не на природата, свет кој се изградува врз основа на образованието. За да се влезе во тој свет е потребна посебна подготовка, подготовка за живот (*kataskeue tou biou*).

Античкото образование, а пред сè хеленското, се определува како хуманистичко при што идеалот на слободна личност има централно место. Но, слободата тука не означува некаков апсолутен индивидуализам. Слободата се остварува во слободна заедница. Аристотел вели: апсолутно слободен, сам за себе, може да биде само ѕвер или бог; човекот пак ја остварува својата слобода во животот со други луѓе. Тоа подразбира воспоставување на низа хармонични односи при што се води сметка за еден востановен ред на нештата. Светот за Хелените е *космос*; тој збор го содржи изворното значење на ред, поредок кој се

пројавува на сите рамништа, универзално и индивидуално. Човекот е дел од тој свет и негова задача е да ја усовршува сопствената природа во согласност со постојните космички начела. Питагора е убеден дека човековата душа е козмичка и дека целта на човековиот живот е да го развива тој елемент во себе си.

Почитувајќи ги овие начела, хеленското образование изградува цел систем на методи кои треба да изградат слободна личност во оваа смисла. Некои од нив заслужуваат да бидат споменати посебно.

Хармонијата во светот, па оттука и меѓу луѓето не е константа. Како што нè учи Хераклит, таа е израз на противставените сили. Исконската, природната моќ се ослободува во посебни околности на противпоставеност на силите; оттаму, натпреварот, агонот се зема како една од основните пројави на човековиот живот во заедницата; индивидуата се подготвува во тој дух уште од раното детство. Натпреварот е присутен како во школите, вежбалиштата, така и на Олимписките игри, на театарските празнувања; на натпреварите учествуваат и поетите како Хесиод, а Пиндар пак ги слави победниците.

Во непосредната поука особено место добива дијалогот кој на извесен начин е израз на начелото на натпреварување. Бесконечни се надмудрувањата на софистите, долго време хеленските философи ќе ја продаваат својата мудрост на Атинската агора, а Сократ дијалогот ќе го внесе како основен метод на својата мајевтичка вештина на подучување. Тоа е форма на општење меѓу учителот и ученикот во која слободата на личноста на последниов доаѓа до полн израз. Подоцна, Платон во своите пишувани дијалози ќе ја овековечи таа постапка на високото образование кај Хелените.

Конечно, трето обележје на античката хуманистичка поука е личниот пример на учителот. Ниедна поука или совет немаат таква моќ на убедување како што го има непосредниот пример на учителот, неговата постапка. Поуката е неделива од личноста на оној што ја дава. Знаењето, мудроста не е израз на интелектуализам; тоа постои за да биде применето во животот. Учителот е оној што тоа треба да го покаже непосредно. На тој идеал на непосреден пример децата се воспитуваат уште во основното училиште каде што слушаат и читаат за доблесните постапки на хомерските херои; на едно повисоко рамниште, тој се провлекува во философијата од Питагора сè до идеалот на мудрецот во стоичката философија.

Гледано одблизу, она што ние денес го нарекуваме „високо образование" во антиката се определува главно како философско образование чиј основен признак е хуманизмот, упатеност кон човекот како таков. Човекот кој се образува тука е сфатен како цел.

Почетокот на високото образование кај Хелените се врзува за питагорејците. Тие во образовните рамки на философијата го подготвуваат човекот за особен начин на живот. Од содржински аспект, тука посебно место заземаат музиката и математиката, но намерите не се практични; целта не е младиот човек да се образува за да извлече некаква непосредна полза од музичкото или математичкото образование. Тие не служат за да се преживее, туку за да се живее на човечки начин, продуховено, философски (*philosophicos tropos tou biou*).

Софистите веќе донесуваат практичен тон во образованието, тие ги подготвуваат своите ученици за учество во државните работи, а од друга страна самите го продаваат за пари сопственото знаење. Но, атипичноста на тоа однесување се гледа во осудата што тоа ја предизвикува меѓу образовниот свет во Атина. Сократ пред сите други истапува против таквата трговија со мудроста. Тој низ разговор ги учи младите на доблест. За таа своја подука тој не бара пари ниту пак ветува дека таквото знаење може практично да се искористи и на тој начин изведува едно свртување кон хеленското исконско сфаќање на образованието: човек се образува за да биде подобар!

Платон само навидум на философското образование му дава практичен карактер: неговиот државник се образува за да управува подобро со државата. Меѓутоа, ако подробно се разгледуваат содржините на школувањето на неговиот државник, се открива дека тука нема многу место за вежбање во политичките вештини. Платоновиот државник-философ се образува во: аритметика, геометрија, астрономија, музика и дијалектика. Тие науки од него не треба да направат човек што лесно ќе се снаоѓа во лавиринтот на атинскиот политички живот, туку ќе му овозможат да ги развие своите духовни способности и да стане доблесен човек, мудрец, би рекле-натчовек.

Токму во последниов збор се чини дека се збрани како во жижа тежненијата на античкото образование. Целта не е од човекот да се направи просто суштество кое ќе биде способно да се прехрани себе си и своите најблиски. Секако, тоа е саморазбирливо, но во прв план се наоѓа стремежот човекот да се сфати како цел сам за себе, а не средство. Човекот се образува заради него самиот, за да може како индивидуа да се развие во личност, да ги развие своите духовни моќи со што ќе ги разбие границите што му ги натемнува секојдневието на преживување. Сократ во таа смисла говори за *psyches therapeia.* Баналноста на нашето современие овој израз го преточил во психотерапија која се занимава со „лечење на болните души“. Сократ со својата „психотерапија“ пак им се обраќа на младите луѓе кои имаат желба за духовно образование сфатено како пат кон срцевината на она човечко во нас. Тоа е она образование кое „се протега од најтесното разумско

и интелектуално, преку таканаречената образованост на срцето и добродетелта, сè до образованието на хуманитетот или, како што може да се каже, за полната човештина“.[1]

ЛИТЕРАТУРА

Freeman, K., *Scholls of Hellas. An Essay on the Practice and Theory of Ancient Greek Education from 600 to 300 B.C.*, London 1908.

Highet, G., *The Classical Tradition,* Oxford 1951.

Jaeger, W., *Paideia, The Ideals of Greek Culture.* Oxford 1946-47.

Bolgar, R.R., *The Classical Heritage and its Beneficiaries*, Cambridge, 1954.

Flacelière, R., La vie quotidienne en Grèce au siècle de Périclès, Paris 1959.

Вук-Павловиќ, П., *Творештвото и музејската естетика*, Скопје 1994.

Vitomir MITEVSKI

## THE MESSAGES OF ANCIENT HUMANISM

(Summary)

The idea of humanism has an origine in ancient world. The word is Latin and *homo humanus* means a free man who, in opposition to *homo barbarus*, has an education as a way of transition from uncivilised to civilised world i.e. culture. The modern meaning of humanism is established in Renaissance as an effort to revival ancient ideals.

Ancient humanistic education, especialy Hellenic, is defined as a striving for shaping of free man. Several means in that process are distinguished: *agon* (competition), dialogue and *exemplum* of the master.

On the level of “high education” in Hellenic world prevailed philosophy, i.e. so called *psyches therapeia* of Socrates where the practical aims of obtained knowledge are neglected, and the purpose of education is realisation of virtue.

---

1. Павао Вук-Павловиќ, *Творештвото и музејската естетика*, Скопје 1994, стр.130.